**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** УП1 11-314
**17.07.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, а во врска со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на Друштвото за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево бр. 11-3731/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги од страна на Друштвото за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 17.07.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, **Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14) сторена на ден 11.07.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје и ZDF.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Друштвото за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје и ZDF, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 11.07.2014 година, изврши програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), на начин што **Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево**, реемитувало домашни и странски телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје и ZDF.

Следствено на тоа, а врз основа на член 6, став 1, алинеја 4 , член 20, став 1 алинеја 8, член 23, став 1, алинеја 1 а врз основа на член 23, став 1, алинеја 1, член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-3731/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своите работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево**, постапило по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси во својот аналоген

програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата, а се наведени во точка 1 и 2 на ова решение

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1)**

1. **Писмен извештај за извршен вонреден надзор бр. 11-3731/1 од 14.07.2014година**

**Доставено до:**

- **Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;**
- **Управителот на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЕЛКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;**
- **Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;**
- **Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;**
- **Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.**